Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА ПРИ ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ПРОТИВ ОСУДЕНИ ЛИЦА

Скопје, јуни 2020 година

Врз основа на член 233 став 5 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2019 и 220/2019) директорот на Управата за извршување на санкциите донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА ПРИ ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ПРОТИВ ОСУДЕНИ ЛИЦА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Предмет на уредување

Со овој правилник поблиску се уредува начинот на постапување на дисциплинската комисија при водење на дисциплинската постапка против осудени лица, дисциплинската одговорност спрема лица осудени на казна затвор и на казна затвор за деца (во натамошниот текст: осудени лица), и дисциплинските казни спрема осуденото лице.

### Член 2

### Достапност на овој правилник до осуденото лице

Секое осудено лице се запознава со содржината на овој правилник при започнување на издржување на казната затвор на јазик што тој го разбира.

Содржината на овој правилник треба да му биде достапна на осуденото лице во текот на издржување на казната затвор.

На секое осудено лице му се обезбедува копија од овој правилник на негово барање.

На осуденото лице против кое е покрената дисциплинска постапка, ќе му биде доставена копија од овој правилник на самиот почеток на дисциплинската постапка.

### Член 3

### Дефиниција на повреда на дисциплината

Секое непочитување на одредбите од законот и на правилникот за куќниот ред претставува дисциплинска повреда и носи соодветна дисциплинска одговорност.

## Член 4

## Пропишување на дисциплинските повреди

Потешките дисциплински повреди уредени се со Законот за извршување на санкциите, а полесните се уредени со Правилникот за куќниот ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправните установи.

## Член 5

## Начело на законитост

На осуденото лице не може да му се изрече дисциплинска казна за дејствие коешто пред да биде извршено не било определено како дисциплинска повреда, ниту може да му се изрече дисциплинска казна која не била пропишана пред да биде сторена дисциплинската повреда.

## Член 6

## Услови за изрекување дисциплинска казна

Дисциплинска казна може да му се изрече на осуденото лице само откако ќе се утврди дека е одговорно за сторената дисциплинска повреда.

## Член 7

## Цел и сразмерност на дисциплинските казни

Цел за изрекување на дисциплинските казни е заштита и обезбедување на редот и безбедноста во установата, во мерка во која е тоа нужно за спречување на натамошни дисциплински повреди.

## Член 8

## Забрана за двојно гонење и казнување

Спрема осуденото лице не може да се води дисциплинска постапка и да се изрекува дисциплинска казна за дејствие за кое веќе е водена дисциплиска постапка и е донесена правосилна одлука.

## Член 9

## Итност на дисциплинската постапка

Дисциплинската постапка е итна. Итноста на постапката не смее да биде на штета на донесувањето законита и правична одлука.

Член 10

Начело на објективност

Дисциплинската комисија е должна во целост да ги утврди фактите кои се важни за донесување законита одлука, при што со еднакво внимание ќе ги цени олеснителните и отежителните околности.

Член 11

Забрана за казнување на полошо

Второстепениот орган кој одлучува по жалба на решение за утврдена дисциплинска одговорност, не може да изрече построга дисциплинска казна од веќе изречената казна од првостепениот орган.

## ПРВ ДЕЛ

## ДИСЦИПЛИНСКИ ПОВРЕДИ, КАЗНИ И ПОСТАПКА СПРЕМА ОСУДЕНОТО ЛИЦЕ

### 1. ДИСЦИПЛИНСКИ ПОВРЕДИ

Член 12

Потешки дисциплински повреди

Потешки дисциплински повреди се:

1) учество и поттикнување на бунт;
2) неисполнување на наредба на службено лице со што би се предизвикале поголеми нарушувања во работењето на установата;
3) физички напад на службено или друго осудено лице;
4) внесување или изготвување на предмети што можат да се користат за напад, бегство или за вршење на кривично дело;
5) бегство или обид за бегство од издржување на казната затвор;
6) ненавремено враќање од прекин на казната затвор;
7) злоупотреба на доделените погодности;
8) внесување или изработка на алкохолни пијалаци и наркотични средства, нивно уживање или растурање;

9) намерна повреда на прописите за заштита при работа, заштита од пожар, експлозија или други природни несреќи;
10) предизвикување на поголема материјална штета, ако била предизвикана намерно или од големо невнимание;
11) занимавање со препродавање;
12) позајмување на пари и меѓусебно задолжување за лихварска камата;
13) присилување, вршење на психички и физички облик на притисок над други осудени лица и поттикнување кон тоа;
14) одбивање на осуденото лице да биде подложено на тестирање во случај ако постои основано сомнение дека користел алкохол, опојни droги и други психоактивни супстанции;
15) поседување и користење на мобилен телефон;
16) недозволено комуницирање со надворешен свет;
17) давање поткуп;
18) сексуално вознемирување на друго осудено лице;
19) оштетување на инвентар и средства во сопственост на установата;
20) други повреди во кои постојат елементи на кривично дело;
21) повторување на полесни повреди и
22) други повреди пропишани со закон.

### Член 13

### Полесни дисциплински повреди

Полесни дисциплински повреди се пропишани со Правилникот за куќниот ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправните установи.

## ДИСЦИПЛИНСКИ КАЗНИ

### Член 14

### Видови дисциплински казни

За сторена дисциплинска повреда на осуденото лице може да му се изрече дисциплинска казна.

Дисциплински казни се:

1) опомена;
2) јавна опомена;
3) ограничување на доделување на погодности до три месеци;
4) упатување во самица од три до 14 дена со или без право на работа.

Дисциплинските казни од ставот 2 точките 1 и 2 од овој правилник може да бидат изречени само за полесни повреди на редот и дисциплината во согласност со Правилникот за куќниот ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправните установи.

Дисциплинската казна од став 2 точка 3 од овој правилник може да биде изречена само ако осуденото лице ги злоупотребило доделените погодности.

Дисциплинската казна од ставот 2 точка 4 од овој правилник може да биде изречена само за сериозни нарушувања на дисциплината.

**Член 15**

**Опомена**

Дисциплинската казна опомена се изрекува кога поради природата на сторената дисциплинска повреда осуденото лице треба е доволно само да се опомене.

**Член 16**

**Јавна опомена**

Дисциплинската казна јавна опомена се изрекува како самостојна дисциплинска казна кога со опомената не може да се постигне целта на дисциплинската казна.

Решението со кое на осуденото лице му се изрекува јавната опомена се истакнува на огласна табла и стои во времетраење од 7 дена.

**Член 17**

**Ограничување на доделување погодности**

Дисциплинската казна ограничување на доделување погодности до три месеци се изрекува спрема осудено лице кое ги злоупотребило дадените погодности.

Ограничувањето на доделување погодности до три месеци се засметува од денот кога е направена злоупотребата на доделената погодност.

**Член 18**

**Упатување во самица**

Дисциплинската казна упатувањето во самица од три до 14 дена со или без право на работа се изрекува само за потешки дисциплински повреди.

Доколку врз осуденото лице било употребено средство за присилба - Издвојување согласно Упатството за условите и начинот на употреба на средствата за присилба, времето на издвојување се засметува во изречената дисциплинска казна упатување во самица.

Член 19

Условно одлагање на дисциплинската казна упатување во самицата

Извршувањето на дисциплинската казна упатување во самица може условно да се одложи до шест месеци ако основано се очекува дека и без извршување на изречената казна ќе се постигне целта на дисциплинското казнување.

Условното одлагање на извршувањето ќе се отповика ако условно казнетото осудено лице во рокот за кој е одложено извршувањето повторно е дисциплински казнето.

Ако се отповика изречената дисциплинска казна, ќе се изрече една казна и за поранешната и за новата дисциплинска повреда, при што упатувањето во самица може да се изрече најдолго во траење до 14 дена.

Член 20

**Забрана за условно одлагање на дисциплинската казна упатување во самицата**

Извршувањето на дисциплинската казна упатување во самица не може да се одлага ако осуденото лице е казнето за повреда која е предвидена како кривично дело за кое законот пропишува казна затвор до една година.

Член 21

**Рокови за извршување на дисциплинската казна упатување во самицата**

Дисциплинската казна упатување во самица се извршува веднаш, а најдоцна во рок од 14 дена од правосилноста на решението за нејзино изрекување.

Член 22

**Права на осуденото лице упатено во самица**

Во текот на издржување на дисциплинската казна упатување во самица на осуденото лице му се обезбедуваат потребните хигиенски и здравствени услуги и му се овозможува читање на книги и весници, престојување на свеж воздух надвор од затворените простории еден час дневно.

На осуденото лица во самица не смее да му биде ограничено правото на допишување, телефонирање, посети и примање на пратки.

Член 23

**Лекарска контрола и посета од директорот на установата во текот на дисциплинската казна самица**

Во текот на извршување на дисциплинската казна упатување во самица задолжителна е лекарска контрола на осуденото лице најмалку еднаш во текот на денот, а директорот на установата е должен да го посети најмалку еднаш во текот на седум дена.

Наодите на лекарот се внесуваат во здравствениот картон на осуденото лице.

Евиденција за посетите на директорот на установата и лекарот се внесуваат во книга за извршување на дисциплинската казна упатување во самица.

Член 24

**Запирање, прекинување или неизвршување на дисциплинската казна упатување во самица**

Директорот на установата може да го запре извршувањето на дисциплинската казна упатување во самица ако утврди дека со дотогашното нејзино извршување се постигнала целта на дисциплинското казнување.

Дисциплинската казна упатување во самица нема да се изврши или ќе се прекине ако со извршувањето се загрозува здравјето на осуденото лице.

Член 25

**Преместување на осудено лице во друга установа во тек на постапување или по изречена дисциплинска казна**

Во случај да е неоходно осуденото лице да биде преместено во друга установа откако ја сторил дисциплинска повреда или е поднесен е предлог за поведување дисциплинска постапка како и кога дисциплинската постапка е во тек постапувањето продолжува пред дисциплинската комисија во установата каде што е преместено

осуденото лице. Предлогот односно целокупната документација во однос на дисциплинската постапка се доставува до установата во прилог на досието на осуденото лице што се преместува.

Ако осудено лице на кое му е изречена дисциплинска казна биде преместено во друга установа, дисциплинската казна се извршува во установата каде што осуденото лице е преместено.

**Член 26**

**Стек на дисциплински повреди**

Во случај кога осуденото лице со едно или повеќе дејствија ќе стори повеќе дисциплински повреди, се води единствена дисциплинска постапка и се изрекува единствена дисциплинска казна, согласно на тежината на сторените дисциплински повреди и други околности важни за изрекување на дисциплинската казна.

**Член 27**

**Запирање на извршувањето на дисциплинска казна**

Директорот на установата може да го запре извршувањето на дисциплинската казна ако утврди дека со дотогашното извршување на казната е постигната целта на дисциплинското казнување.

## 2. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА СПРЕМА ОСУДЕНО ЛИЦЕ

**Член 28**

**Надлежност за водење на дисциплинската постапка**

Дисциплинската комисија ја води дисциплинската постапка и дава предлог до директорот на установата за изрекување дисциплинска казна.

**Член 29**

**Состав на дисциплинската комисија**

Дисциплинската комисија е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Претседател на комисијата е раководителот на секторот за ресоцијализација, а членови се претставници од инструкторите и затворската полиција.

Составот на дисциплинската комисија се утврдува со решение на директорот на установата.

Член 30

Начин на заседавање и одлучување

Дисциплинската комисија заседава во полн состав, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови.

Член 31

Изземање

Член на комисијата не може да учествува во нејзината работа: ако е подносител на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, или ако е учесник во дисциплинската постапка во некое друго својство (сведок или оштетен).

За изземање се одлучува на предлог на членот на дисциплинската комисија или на предлог на осуденото лице спрема кое е поднесен предлог за поведување дисциплинска постапка.

Директорот на установата носи решение за изземање на член на дисциплинската комисија ако оцени дека постојат околности кои предизвикуваат разумно сомневање во непристрасноста и објективноста на тој член на комисијата.

Член 32

Пријава за сторена дисциплинска повреда

Осудено лице или лице што не е вработено во установата, а има сознание за сторена дисциплинска повреда или било оштетено со дејствие што претставува дисциплинска повреда може да поднесе усна или писмена пријава до службено лице во установата. За поднесената усна пријава се составува службена белешка.

Член 33

Поведување на дисциплинската постапка

Дисциплинската постапка се поведува и води врз основа на предлог за поведување дисциплинска постапка.

Секое вработено лице во установата е должно да поднесе предлог за сторена дисциплинска повреда веднаш штом забележи или добие сознание дека е сторена дисциплинска повреда од страна на конкретно осудено лице, како и да земе писмена изјава од осуденото лице за кое постои сомневање дека е сторител на диспциплинска повреда.

Осуденото лице изјавата ја дава на доброволна основа.

Предлогот се поднесува во рок од 24 часа од сознанието за сторената дисциплинска повреда.

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка се поднесува до претседателот на дисциплинската комисија.

Член 34

Застарување

Дисциплинска казна не може да се изрече, ниту изречената казна да се изврши ако поминале повеќе од 6 месеци од денот на сторувањето на дисциплинската повреда.

Член 35

Содржина на предлогот за поведување дисциплинска постапка

Предлогот за поведување дисциплинска постапка содржи:

1) Органот до кого се поднесува;
2) Основните податоци за осуденото лице;
3) Фактичкиот опис на дејствијата што ја чинат дисциплинската повреда;
4) Правен основ на дисциплинската повреда;
5) Писмена изјава од осуденото лице спрема кое се поднесува предлогот;

Предлог на докази кои треба да се изведат (сведоци, медицинска документација, списи, потврда за привремено одземени предмети, средства со кој е сторена дисциплинската повреда и други докази);

6) Датум на поднесување на предлогот и
7) Потпис на подносителот на предлогот.

Член 36

Постапување по прием на предлогот за поведување дисциплинска постапка

Претседателот на дисциплинската комисија прво проверува дали предлогот за поведување дисциплинска постапка ги содржи сите потребни елементи и ако констатира дека предлогот има недостатоци го враќа до подносителот за итно дополнување.

Член 37

**Отфрлање на предлогот за поведување дисциплинска постапка**

Предлогот за поведување дисциплинската постапка ќе се отфрли со решение доколку дисциплинската комисија на записник констатира дека:

1) во опишаните дејствија не е содржана дисциплинска повреда;
2) нема доволно докази во прилог на предлогот за поведување дисциплинска постапка;
3) постојат околности што ја исклучуваат дисциплинската одговорност и
4) настапила застареност за поведување дисциплинска постапка.

Член 38

**Заштита на правата на осудените лица**

Дисциплинската комисија е должна да го запознае осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка со неговите права во текот на дисциплинската постапка и се грижи незнаењето и неукоста на осуденото лице да не бидат на штета на неговите права.

Член 39

**Право на осуденото лице да изнесува факти и докази**

Осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка има право да презентира факти и докази што му одат во прилог и да ги оспорува фактите и доказите што го товарат.

Член 40

**Право на толкувач**

Во текот на дисциплинската постапка осуденото лице што не го разбира јазикот на кој се води дисциплинската постапка има право на толкувач.

## Член 41

## Раководење, отварање и тек на дисциплинска расправа

Со расправата раководи претседателот на дисциплинската комисија.

На расправата задолжително е учеството на осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка.

Расправата започнува со отварање и објавување на предметот на расправата и утврдување присуство на повиканите лица.

Расправата се одлага ако не е присутно осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка.

По констатирање дека се исполнети условите за отпочнување на расправата, претседателот на дисциплинската комисија го чита предлогот за поведување дисциплинска постапка. Потоа збор добива осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка за да се изјасни за предлогот и да предложи докази во негова полза.

Доказната постапка се состои во изведување докази: сослушување на сведоци, лекарски потврди, вештачења, докази во писмена форма, материјални докази со кои се извршила дисциплинската повреда, снимки од видео надзор, соочување на осуденото лице со сведоци и други докази.

Во текот на доказната постапка се изведуваат доказите изнесени во предлогот за поведување дисциплинска постапка или предложени од осуденото лице.

Осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка има право да биде присутно и во седечка положба во текот на целата дисциплинска расправа да си води свои белешки, да поставува прашања на сведоците, вештаците и други лица, може да ги оспорува фактите и доказите што го товарат и да изнесува факти и докази што му одат во прилог.

## Член 42

## Прекинување на дисциплинската постапка

Дисциплинската постапка се прекинува со решение ако осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка:

1) е во бегство;

2) привремено душевно заболело или се јавила привремена душевна пореметеност и

3) од здравствени причини не е во состојба да присуствува на расправата.

Со прекинот на дисциплинската постапка, прекинува рокот за застареност од член 34 од овој правилник.

Против решението донесено во смисла на ставот 1 од овој член не е дозволена жалба.

Дисциплинската постапка се продолжува со решение во кое се констатира дека престанале причините за прекинувањето и се констатира денот кога продолжило постапувањето. Против ова решение не е дозволена жалба. Со денот на продолжување на постапувањето, продолжува да тече рокот за застареност.

## Член 43

## Записник за текот на дисциплинската расправа

Претседателот на дисциплинската комисија за текот на расправата води записник.

Во записникот се наведуваат податоци за составот на дисциплинската комисија, датум и време на започнување на расправата, генералии за осуденото лице спрема кое се води дисциплинската постапка, податоци за подносителот на предлогот за поведување дисциплинска постапка, правниот основ на сторената дисциплинска повреда, хронолошкиот тек на преземените дејствија и изведените докази и дадени искази во текот на расправата.

На крајот од записникот се потпишуваат претседателот и членовите на дисциплинската комисија.

Пред потпишувањето на записникот му се овозможува на осуденото лице увид во неговата содржина и ако има забелешки, тие се внесуваат во записникот.

## Член 44

## Предлог за изрекување дисциплинска казна

Дисциплинската комисија по завршување на расправата доставува до директорот на установата предлог за донесување решение за ослободување од дисциплинска одговорност или утврдување одговорност и изрекување дисциплинска казна .

Предлогот од ставот 1 од овој член се доставува во писмена форма во рок од 24 часа од завршување на расправата, а во случај кога се предлага дисциплинска казна од член 14 став 2 точки 3 и 4 од овој правилник, предлогот се доставува веднаш.

Предлогот од ставот 1 на овој член содржи:

1) Податоци за дисциплинската комисија;
2) Податоци за осуденото лице;
3) Фактичкиот опис на дејствијата што ја чинат дисциплинската повреда;
4) Правен основ на дисциплинската повреда;
5) Предлог на дисциплинска казна и
6) Датум и потпис на претседателот и членовите на дисциплинската комисија.

Во прилог на предлогот за дисциплинска казна се доставуваат сите списи од предметот.

## Член 45

## Надлежност за изрекување на дисциплинските казни

Дисциплинските казни ги изрекува директорот на установата.

При изрекувањето на дисциплинската казна се зема предвид поведението на осуденото лице и дали порано било дисциплински казнувано.

## Член 46

## Решение за ослободување од дисциплинска одговорност

Решение за ослободување од дисциплинската одговорност се донесува кога:

1) Дејствието за кое се товарело осуденото лице не е дисциплинска повреда;
2) Постојат околности што ја исклучуваат дисциплинската одговорност и
3) Не се докажало дека осуденото лице за кое е поднесен предлог за поведување дисциплинска постапка ја сторило таа повреда.

Решението од ставот 1 на овој член се изработува во писмена форма и содржи: увод, диспозитив, образложение, поука за правно средство, број, датум и потпис на директорот на установата.

Решението од ставот 1 на овој член е конечен управен акт и против него не може да се поднесе жалба.

Решението се доставува најдоцна во рок од три дена до архивата на установата, осуденото лице и одговорниот воспитувач.

## Член 47

## Решение за изрекување дисциплинска казна

Решението за изрекување дисциплинска казна го донесува директорот на установата.

Решението се донесува во рок од 24 часа од прием на предлогот за изрекување дисциплинска казна, а во случај кога е предложена дисциплинска казна од член 14 став 2 точките 3 и 4, решението се изготвува веднаш по прием на предлогот за изрекување дисциплинска казна.

Решението се изработува во писмена форма и содржи: увод, диспозитив, образложение, поука за правно средство, број, датум и потпис на директорот на установата.

Решение за изрекување дисциплинска казна во диспозитивот содржи:

1) Податоци за осуденото лице;
2) Опис на дејствијата што ја чинат дисциплинската повреда;
3) Правниот основ на дисциплинската повреда;
4) Одлука за изрекување на дисциплинска казна;
5) Одлука за засметување на Издвојувањето на осуденото лице во дисциплинската казна упатување во самица.

Решението се доставува најдоцна во рок од три дена до архивата на установата, осуденото лице и одговорниот воспитувач.

## Член 48

## Право на жалба и одлука по жалба

Против решението за изречена дисциплинска казна осуденото лице има право на жалба во рок од три дена од прием на решението за изрекување дисциплинска казна во писмена форма потпишано од директорот на затворот. Осуденото лице го потврдува приемот на решението со свој потпис и датум на прием.

Жалбата се поднесува преку директорот на установата до директорот на Управата за извршување на санкциите.

Жалбата на осуденото лице го задржува извршувањето на решението, освен во итни случаи кога се загрозува безбедносната состојба на установата по проценка на директорот на установата.

Директорот на Управата за извршување на санкциите по жалбата одлучува во рок од пет дена.

Член 49

**Постапка по жалба и право на поднесување тужба**

Постапката по жалба се спроведува согласно одредбите на Законот за општата управна постапка.

Против решението на директорот на Управата за извршување на санкциите, осуденото лице има право да поднесе тужба до управниот суд согласно Законот за управните спорови. Тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на прием на решението од директорот на Управата за извршување на санкцијата. Приемот на решението осуденото лице го потврдува со сопствен потпис и датум на прием.

Член 50

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ,
Јовица Стојановиќ

Број 01-1027/1
16.06.2020
Скопје